Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 26.06.2022

На 25.06.2022 околу 10.20 часот на магистралниот пат Гевгелија – Демир Капија, после клучка Марвинци во правец на с.Удово, полициски службеници од Полициска станица „Богородица" ги лишиле од слобода Б.А.(50) и А.Д.(47), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение дека извршиле кривично дело криумчарење мигранти. При извршена проверка во товарно возило „цитроен цампер", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Б.А., во кое совозач бил А.Д., биле пронајдени 24 лица мигранти (12 од Пакистан, пет од Сирија, пет од Индија и две од Авганистан). Во координација со ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција лицата мигранти се сместени во Прифатно-транзитен центар „Винојџе" Гевгелија за понатамошна постапка, а по целосно документирање на случајот против двете лица ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.06.2022 во шумски појас на планината Караорман, во атарот на струшкото село Мислодежда, пределите се координирани мерки од страна на полициски службеници од Единицата за брзо распоредување, Регионален центар за гранични работи - Запад, СВР Охрид, Шумска полиција и ЈП„Национални шуми" при што лишени од слобода се 12 лица на возраст од 23 до 49 години, од кои од кои осум албански и четири државјани на РС Македонија. Тие биле затекнати при нелегална сеча на огревно дрво, при што на лице место биле пронајдени повеќе кубни метри исечена дрвна маса, теренски возила, камиони, трактори, моторни пили и секири. Лицата се приведени во полициска станица, возилата со нелегално исечените дрва се одземени и предадени на Шумската полиција, а по целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.06.2022 во 02.10 часот во угостителски објект во Охрид од полициски службеници од СВР Охрид приведен е Х.Н.(25) од Охрид, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25/26.06.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот со посебно опремен радар за снимање во ноќни услови, спроведена е засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 384 возачи. Од нив, 48 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а девет возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 264 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 120 надвор од населено место.

На 25.06.2022 продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.
На територија на град Скопје изречени се вкупно 152 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 50 санкции, 16 мерки за возење без возачка дозвола, пет за минување на затворен сигнал - црвено светло. Изречени се и 19 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, четири мерки за користење на мобилен телефон, 12 за технички неисправни и нерегистрирани возила...

Во текот на 25/26.06.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот со посебно опремен радар за снимање во ноќни услови, спроведена е зајакната акциска контрола на територијата на СВР Тетово за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 118 возачи. Од нив, 28 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а девет возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 57 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 61 надвор од населено место.

На 26.06.2022 во 03.40 часот во Полициска станица Гази Баба, Ж.Ј.(43) од Скопје пријавила дека на ул.„Лазар Поп Трајков" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Во текот на 25/26.06.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е зајакната акциска контрола на територијата на СВР Битола за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 43 возачи. Од нив 13 санкции се на подрачјето на Битола, 10 во Прилеп, 14 во Ресен и 6 санкции на подрачје на Македонски Брод. Притоа 31 возач ја пречекориле брзината во населено место, а 12 надвор од населено место.

На 25.06.2022 во 21.55 часот во Полициска станица Кичево, А.П.(53) од Кичево пријавила дека во Кичево била каснат од куче скитник.

На 26.06.2022 во временскиот период од 00.30 до 03.00 часот од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција - Единица за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при БЈБ и Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Куманово, во содејство со мобилен тим при Царинската управа, на Граничен премин „Табановце" при влез во државата лишени од слобода се А.Г.(40), Т.Д.(39), двете од Скопје и А.Б.(36) од Тетово, Имено, полициски службеници сопреле патничко возило „БМВ" со холандски национални ознаки, управувано од Т.Д., во кое сопатници биле А.Г. и А.Б. и при претрес во возилото биле пронајдени три пакувања со вкупно 204 грама кокаин, наменет за улична продажба каде би достигнал вредност од околу 15.000 евра, едно пакување со хашиш, три пакувања со марихуана и мешавина на тутун со хашиш. Лицата се приведени во полициска станица во СВР Куманово, а во координација со Јавен обвинител по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25/26.06.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени мерки во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 53 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената.

На 25.06.2022 во 00.34 часот во Полициска станица Бит Пазар е пријавено дека во близина на училиште на подрачјето на Бит Пазар, М.А.(52) од Скопје, додека си извршувал своите работни задачи за правен субјект, а по претходна расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.06.2022 во 15.30 часот во Полициска станица Македонски Брод, Д.К.(49) од Македонски Брод пријавил дека на стариот шумски пат од Македонски Брод кон место викано „Барбарас", на местото наречено „Дервишка нива", пронашол стара граната со должина од околу 50 сантиметри. Истата е безбедно подигната и предадена на Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 25.06.2022 во 23.00 часот во Неготино од полициски службеници од Полициска станица Неготино е лишен од слобода И.С.(20) од Неготино, затоа што управувајќи патничко возило „голф", со неготински регистарски ознаки, одбил да застане на даден знак за запирање и се обидел со возилото да удри полициски службеник кој извршувал службени дејства. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.06.2022 во 18.20 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово приведени се Р.Ј.(59), С.Ј.(30), М.Ф.(51) и А.Ф.(29), сите од с.Мала Речица, тетовско, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка на градскиот плоштад во Тетово. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.06.2022 во 03.49 часот во Полициска станица Штип, Ј.Т.(44) од Штип пријавил дека околу 03.40 часот во угостителски објект во Штип бил физички нападнат од Л.М. (47) од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.06.2022 во 02.30 часот во Гостивар полициски службеници од Полициска станица Гостивар го привеле К.Х.(34) од Р.Косово, затоа што не поседувал никаков документ за идентификација. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.05.2022 во 22.30 часот во Полициска станица Струмица, М.Д.(21) пријавил дека во 22.00 часот кај казино во Струмица, по претходна расправија, бил физички нападнат од В.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.06.2022 во 02.10 часот во Гостивар од полициски службеници од Полициска станица Гостивар е приведен Ѓ.М.(29) од Гостивар, затоа што го нарушил јавниот ред и мир со непристојно и агресивно однесување. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.06.2022 околу 00.10 часот во СВР Велес е пријавено дека во свињарска фарма сопственост на М.Ѓ.(59) од Велес, во место викано „Дрењевица", настанал пожар при што бил опожарен кат од помошни простории. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Велес. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 25.06.2022 во 15.00 часот во Полициско одделение Чегране Х.С.(74) од с.Чајле, гостиварско, пријави дека околу 12.30 часот пред неговата куќа во селото, по претходно недоразбирање околу сообраќајот, бил физички нападнат од Л.Б.(55) и Ш.Б.(25), двајцата од с.Чајле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.06.2022 во 19.30 часот во Полициска станица Гази Баба, С.С.(35) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу него и малолетник од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок.

На 25.06.2022 во 20.30 часот во Полициска станица Драчево В.В.(55) од Скопје пријавила дека околу 19.30 часот, пред угостителски објект на подрачјето на Драчево, поради претходно недоразбирање, била физички нападната од нејзиниот син Д.Р.(29). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 26.06.2022 во 02.30 часот во Полициска станица Центар, Д.Л.(41) од Скопје пријавил дека во 02.15 часот пред театар на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.06.2022 во 14.36 часот во Полициска станица Кочани И.Р.(33) од с.Мородвис, кочанско, пријавил дека во 14.30 часот во продавница во Кочани бил физички нападнат од М.М.(29) од Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.06.2022 СВР Битола-ОВР Прилеп до Основното јавно обвинителство Прилеп поднесе кривична пријава против Н.К.(53) од Ресен, поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" по чл. 143 ст. 3 и две кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" по чл. 383 од Кривичниот законик. Имено, на 25.06.2022 од страна на полициски службеници од ОВР Прилеп пријавениот бил лишен од слобода, затоа што претходно со неговото возило комбе „мерцедес спринтер" се обидел да прегази комунални инспектори и полициски службеник кои вршеле службени дејства. Од страна на судија на претходна постапка на Н.К. му е одредена мерка притвор во КПУ Затвор Битола.

На 25.06.2022 во 16.00 часот во Полициска станица Центар е пријавено дека околу 12.00 часот од установа за згрижување на лица се оддалечила нивната штитеничка Р.И. (16), која и претходно се оддалечувала од установата и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 26.06.2022 околу 02.23 часот во СВР Тетово е пријавено дека во Клиничка болница Тетово за укажување на лекарска помош е донесен В.И.(30) од Тетово. Според пријавеното, тој со повреди се здобил откако бил физички нападнат од страна на неколку лица во Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет